# УЧЕСТВО НА СОНК НА 10-ТИОТ СВЕТСКИ КОНГРЕС НА EDUCATION INTERNATIONAL (EI)

Во периодот од 29-ти јули до 2-ри август 2024 година, во Буенос Аирес, Аргентина се одржува 10-тиот Светски конгрес на Education International (EI), на тема: „Растење на нашите синдикати, издигнување на нашата професија, одбрана на демократијата".



Светскиот конгрес е највисоко тело за одлучување на EI и ги обединува претставниците на синдикатите за образование од целиот свет за колективно да го водат глобалното образовно движење.



На Конгресот учествуваат повеќе од 1200 претставници на синдикати за образование, од над 150 земји, кои дебатираат и одлучуваат за напредокот на едукаторите и образованието. Нивните дискусии и одлуки ќе ја водат работата на EI во следните неколку години и ќе го обликуваат образовнието низ

целиот свет.



Воедно, делегатите на Конгресот ќе го изберат следниот претседател и Извршен одбор на EI.